СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ПЕНЗИОНЕРИ НА МАКЕДОНИЈА

# XVII регионални и IX републичка
# ревија на песни, музика и игри

# ФОЛКЛОРНИ РЕВИИ 2019




















ЈУНИ 2019

Информативен билтен СЗПМ Специјално издание

СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ПЕНЗИОНЕРИ НА МАКЕДОНИЈА

СЗПМ

# СОДРЖИНА


РЕПУБЛИЧКА РЕВИЈА НА ПЕСНИ, МУЗИКА И ИГРИ ....................................................3

РЕГИОНАЛНА РЕВИЈА НА ПЕСНИ, МУЗИКА И ИГРИ ВО ВИНИЦА............................21

РЕГИОНАЛНА РЕВИЈА НА ПЕСНИ, МУЗИКА И ИГРИ ВО ТЕТОВО.............................26

РЕГИОНАЛНА РЕВИЈА НА ПЕСНИ, МУЗИКА И ИГРИ ВО ЗДРУЖЕНИЕ НА ВОЕНИ ПЕНЗИОНЕРИ - СКОПЈЕ....................................................31

РЕГИОНАЛНА РЕВИЈА НА ПЕСНИ, МУЗИКА И ИГРИ ВО ЦЕНТАР - СКОПЈЕ...........35

РЕГИОНАЛНА РЕВИЈА НА ПЕСНИ, МУЗИКА И ИГРИ ВО СВЕТИ НИКОЛЕ...............40

РЕГИОНАЛНА РЕВИЈА НА ПЕСНИ, МУЗИКА И ИГРИ ВО ВАЛАНДОВО....................45

РЕГИОНАЛНА РЕВИЈА НА ПЕСНИ, МУЗИКА И ИГРИ ВО ПРИЛЕП.............................50

РЕГИОНАЛНА РЕВИЈА НА ПЕСНИ, МУЗИКА И ИГРИ ВО ВЕВЧАНИ..........................54

МАКЕДОНИЈА ДОСТОЈНО ПРЕТСТАВЕНА ОД ПЕНЗИОНЕРИТЕ ...............................59

ДЕЛ ОД ИЗЛАГАЊЕТО НА СЕДНИЦАТА НА ИО НА СЗПМ, НА ДИМИТРИЈА БОГАТИНОСКИ - ВОДАЧ НА ДЕЛЕГАЦИЈАТА НА 18. ФЗЖО................62




**КОМИСИЈА ЗА КУЛТУРНО-ЗАБАВЕН ЖИВОТ НА ИО НА СЗПМ:**

**Магдалена Спировска** - претседател,
**Петар Захарчев**
**Милевка Здравковска**
**Борис Грковски**
**Ванѓа Пенева**
**Нурие Кадриу**
**Благоја Спирковски**
**Ристо Трајкоски**
**Борис Дончев**


Издавач: Сојуз на здруженија на пензионери на Македонија
За издавачот: Станка Трајкова
Изданието го подготви: Калина С. Андонова
Компјутерско-графичко обликување: Томе Ангеловски
Фото: ЛЕСАНСКИ
Печати: РИ-Графика - Скопје
Тираж: 500 примероци

# Историјата на сите кои живеат во нашата земја, пресликана е во фолклорот

Нашите песни, нашите ора, нашето културно наследство е познато низ светот. Колку голема гордост побудува во нас кога ќе слушнеме дека некој ги пее нашите песни или ги игра нашите ора, затоа што нашиот фолклор е доказ за вековниот опстанок. Пензионерите, најстарите жители на нашата земја, се свесни за тоа и затоа со срце и душа го чуваат и негуваат фолклорот. Нивната посветеност на чување на овој аманет е препознаен и од државата. Министерството за култура веќе девет години 8–те регионални и Републичката ревија на песни, музика и игри ги прогласува како проект од национален интерес и финансиски ги поддржува. Така е и оваа година, за што 260 илјади пензионери се многу благодарни.



Во април и мај се одржаа осум регионални ревии на песна музика и игри чии домаќини беа здруженијата од Скопје: Центар и Здружението на воени пензионери, и здруженијата на пензионерите: Прилеп, Тетово, Виница, Свети Николе, Валандово и Вевчани. Во деновите кога се одржуваат овие значајни културни манифестации празнуваат сите генерации, помладите се горди на енергијата и огромната желба на најстарите жители да покажат кои сме и какви сме. Ревиите насекаде беа празник и за очи и за душа. Во салите пееја сите заедно, ја пееја песната на заедништвото и соживотот кои ни се толку неопходни на сите.



И на 7 јуни 2019 година во Домот на АРМ во Скопје салата беше преполна. На присутните гости и пензионери од преубаво украсената сцена со етноелементи прва им се обрати претседателката на СЗПМ Станка Трајкова која најпрво ги поздрави високите гости: Претседателот на Владата на Република Северна Македонија Зоран Заев кој првпат е покровител на оваа најмасовна културна пензионерска манифестација на која непосредно земаа учество над 1 000 пензионери заедно со регионалните ревии, а со што им направи чест и почит на највозрасните жители на нашата земја, потоа, заменик–министерот за култура Владимир Лазовски, гостите од Р Бугарија, Р Србија и Р Црна Гора и други кои придонесуваат пензионерските активности да бидат помасовни и побогати. Во своето обраќање таа меѓу другото рече:

– Почитувани присутни, почитуван претседател на Владата на Република Северна Македонија Зоран Заев, почитувани гости од земјата и странство.

Првпат откако се одржува пензионерската Републичка ревија на песна, музика и игри, претседателот на Владата на Република Северна Македонија Зоран Заев, прифати да биде со нас и да биде покровител на оваа наша најмасовна пензионерска фолклорна манифестација, која со неговото присуство уште повеќе добива во своето значење.

Денес, на оваа сцена ќе запеат и заиграат над 550 учесници – пензионери, ќе екне тапанот, ќе писне гајдата, ќе се запее македонска, албанска, влашка, ромска песна и песни на сите кои живеат на овие простори. Исто така, многу е битно, што на овие ревии се негува заедништвото, пријателство, почитувањето и соживот кој на сите ни е многу потребен.

Потоа на присутните со топли и одбрани зборови им се обрати премиерот Зоран Заев и ја отвори 9. републичка ревија на песни, музика и игри:

– Почитувани пензионери, почитувани гости од земјата и од странство.

На самиот почеток дозволете ми да го изразам моето задоволство што ја имам честа да ја отворам оваа значајна манифестација – Деветтата републичка пензионерска ревија на песни, музика и игри 2019 во организација на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, а под покровителство на Владата на Република Северна Македонија.

Вие пензионерите сте нашите најзаслужни граѓани кои активно учествувате во градење на државата. Вие ги поставивте темелите на нашиот заеднички дом – на нашата земја. Од тие причини ние, сегашните генерации сме должни да ви изразиме неизмерна почит и благодарност.

Во добро здравје и уште долги години оваа манифестација да биде убав повод и причина заедно да се среќаваме и дружиме. Посебна чест ми претставува да бидам покровител на ваквите републички настани коишто ги организирате.

Обраќањата беа проследени со силен аплауз од присутните. Следуваа настапите на одбраните 25 здруженија членки на Сојузот. Звуците на зурлите и тапаните, песните и ората ја исполнија преполната сала на Домот на АРМ. Во салата немаше празни места, како што немаше ни рамнодушни посетители. Песните будеа спомени од младоста, срцата на разиграните пензионери чукаа во ритамот на музиката. Сите сакаа да се претстават што подобро со орото од својот крај или да ја отпеат одбраната песна, заборавајќи на годините и на проблемите. Се преплетуваа чувствата на гордост за своите корени, гордост што светот нè препознава токму по убавината и оригиналноста на фолклорот, по песните и ората кои се вековни белези на нашиот идентитет и непокор. Гордост, што иако сме мала земја, имаме културно богатство со кое ретко кој може да се пофали во светот. Историјата на сите кои живеат во нашата земја, испишана е во песните, во обичаите, во нашето културно богатство и е еден од столбовите на мултикултурното општество. На овие простори успеал да се одржи соживотот, без разлика на вера, јазик или нација. Почитта на еден кон друг била наш патоказ во минатото и пример за генерациите кои доаѓаат.



На Ревијата сите учесници, сите изведби, беа наградени со долги аплаузи, а на некои изведувачи им се придружија и присутните во салата. Републичката девета по ред ревија на песни, музика и игри продолжи со заедничко дружење на кое на пензионерите со своето присуство им направи чест министерката за труд и социјална политика Мила Царовска, а беа доделени и благодарници за учество на Републичката ревија на песни, музика и игри на здруженијата учесници на Ревијата.

**Калина С. Андонова**

### Обраќање на претседателот на СЗПМ, Станка Трајкова, на 9. републичка ревија

# На фолклорните ревии се негува заедништвото, пријателството, почитувањето и соживотот



Почитувани присутни,
почитуван претседател на Владата на Република Северна Македонија Зоран Заев,
почитувани гости од земјата и странство

Првпат откако се одржува пензионерската Републичка ревија на песна, музика и игри, претседателот на Владата на Република Северна Македонија Зоран Заев, прифати да биде со нас и да биде покровител на оваа наша најмасовна пензионерска фолклорна манифестација, која со неговото присуство уште повеќе добива во своето значење.

Оваа 9 по ред Републичка ревија на песни, музика и игри се одржува во организација на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, како граѓанска и невладина организација, а учесници се пензионери од 25 од вкупно 53 здруженија на пензионери, членки на Сојузот, со која што се покажува дека Сојузот и здруженијата се меѓусебно поврзани и организирани субјекти. Овој број не значи дека останатите здруженија немале добар настап на регионалните ревии, туку времето на траење на Ревијата е ограничено, но затоа тука е следната републичка ревија, бидејќи оваа не е последна.



Почитувани пријатели,

На Републичката ревија на песни, музика и игри и претходеа 8 регионални ревии кои се одржаа оваа година по 17–ти пат, како прекрасно пролетно музичко движење, а домаќини беа: ЗП Прилеп, ЗП Виница, ЗП Центар од Скопје, Здружението на воени пензионери од Скопје, ЗП Свети Николе, ЗП Валандово, ЗП Тетово и Здружението на пензионери во прекрасното Вевчани.



Ние, пензионерите постојано велиме дека пензионерските ревии се верни чувари на нашиот национален фолклор кој се состои од песни, музика и игри, обичаи, легенди, преданија, гатанки, носии и накит кој денес ќе го видиме на учесниците на Ревијата. Затоа, со право се вели дека фолклорот претставува синтеза на културното наследство на еден народ низ вековите, а неговата презентација значи сочувување на себеси односно на својот идентитет. Со песната, музиката и орото нашиот народ ја искажувал радоста, болката, тагата, како нешта што не смеел или не можел поинаку да ги искаже. Такво е познатото оро „Тешкото“ што претставува сторија за судбината на печалбарите и нивното опстанување. Денес, на оваа сцена ќе запеат и заиграат над 550 учесници – пензионери, ќе екне тапанот, ќе писне гајдата, ќе се запее македонска, албанска, влашка, ромска песна и песни на сите кои живеат на овие простори. Исто така, многу е битно, што на овие ревии се негува заедништвото, пријателството, почитувањето и соживотот и кои на сите ни се потребни. Целта на Ревијата е исполнета бидејќи пред мене гледам полна сала на пензионери и други гости, а таа можност да излезат од своите домови и да поминат пријатни мигови им ја овозможи СЗПМ заедно со здруженијата. Денеска ќе пееме за младоста, за староста, среќата, љубовта, за животот и не случајно се вели дека мудроста е кај постарите, силата е кај помладите, а заедно сме посилни!



Обраќање на премиерот Зоран Заев на 9. републичка ревија

# Посебна чест ми претставува да бидам покровител на 9. републичка ревија на песни, музика и игри



Почитувани пензионери,
почитувани гости од земјата и од странство

На самиот почеток дозволете ми да го изразам моето задоволство што ја имам честа да ја отворам оваа значајна манифестација – Деветтата републичка пензионерска ревија на песни, музика и игри 2019, во организација на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, а под покровителство на Владата на Република Северна Македонија.

Вие пензионерите сте нашите најзаслужни граѓани кои активно учествувате во градење на државата. Вие ги поставивте темелите на нашиот заеднички дом – на нашата земја. Од тие причини ние, сегашните генерации сме должни да ви изразиме неизмерна почит и благодарност.

Оваа манифестација треба да ги исполни овие цели: да ги афирмираме заложбите дека низ заедничка дружба и соработка можеме да градиме едно солидарно општество во кое ќе се почитуваат вистинските вредности. Концептот едно општество за сите е еден од главните стожери на владините политики. И во тој концепт има место и еднакви можности за сите.



Преземавме обврски да се грижиме за нашите највозрасни граѓани – пензионерите и да им овозможиме достоинствени услови за живот. Заедно со Министерството за труд и социјална политика ги исправивме неправдите и сега двапати годишно има усогласување на пензиите со трошоците на живот. Ова законско усогласување од една страна ги усогласува пензиите со трошоците на живот, од друга

страна го штити фондот за ПИОМ за да можат и идните генерации пензионери да очекуваат стабилни и навремени исплати на своите пензии.

Растот на пензиите сега е поставен на реални основи и се врзува за економскиот раст. Ако економијата расте над 4 % и го достигнува својот потенцијал тогаш и пензиите ќе растат. БДП за првиот квартал од оваа година е 4,1 %. Тоа значи, драги мои пензионери, дека ќе има динамично растење на пензиите. Ако продолжиме со овој тренд тоа значи дека покрај редовното усогласување со трошоците



на живот веќе имаме димензионирано растење на пензиите затоа што вкупната вработеност од лани во првиот квартал на 2018 до првиот квартал 2019 е 40 000 вработени нови луѓе. Фондот за ПИОМ во приходите расте за 8 %, а растот на економијата и на вработеноста на младите ќе се одразува како пораст на вашите пензии. Продолжуваме да водиме грижа за пензионерите и да работиме во насока на подобрување на животниот стандард на сите граѓани, а се разбира и на вас највозрасните, затоа што сè што денеска имаме е дело на вашиот труд и вашата пот, од вашиот работен век, за ние идните генерации да го негуваме, унапредуваме и така да го одржуваме, да создаваме уште поквалитетно општество и земја во кои ќе ги мотивираме младите луѓе, нашите деца да останат во нашата земја.



На самиот крај дозволете ми да ви посакам пред сè убава дружба на Деветтата републичка ревија на песни, музика и игри – 2019. Во добро здравје и уште долги години оваа манифестација да биде убав повод и причина заедно да се среќаваме и дружиме. Посебна чест ми претставува да бидам покровител на ваквите републички настани коишто ги организирате.

# Сојуз на здруженија на пензионери на Македонија

СЗПМ

Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија е формиран во 1946 година. Со само 2.600 старосни, семејни и инвалидски пензионери започнува пензионерското организирање во Македонија. Во 1950 година се регистрирани 3 700 пензионери кои дејствувале како колективни членови на единствените синдикати во Македонија. Во 1960 година тој број е зголемен на 15 321, десет години подоцна 51 537, во 1980 – 84 948, во 1990 – 166 224 и во 2000 година 241 221 пензионер. Во 2005 година бројот на пензионерите во нашата земја се зголемил на 272 740, а во 2010 тој изнесува околу 280 000, од кои околу 250 000 се членови на СЗПМ. Во 2018 година бројот на пензионери е над 300 000, од кои 263 000 се членови на СЗПМ. Денес, СЗПМ е асоцијација на 53 здруженија на пензионери, доброволно здружени во Сојузот заради заштита и унапредување на заедничките цели и интереси на корисниците на пензија во Република Македонија, за поцелосно и единствено залагање за остварување на правата од пензиското и инвалидското осигурување, за поквалитетна здравствена заштита, како и за унапредување на културните, спортските и хуманитарните потреби на пензионерите. За остварување на овие заеднички права на здруженијата – СЗПМ соработува со други здруженија и нивни сојузи, со невладини организации и фондации и со пензионерски асоцијации од други земји. СЗПМ, својство на правно лице има од 27 април 1971 година кога е запишан во Регистарот на МВР како општествена организација, а по донесувањето на Законот за здруженија на граѓани и фондации во 1998 година е пререгистриран во Основниот суд во Скопје. СЗПМ дејствува како самостојна, невладина и неполитичка мултиетничка организација, која во континуитет се развива, оставајќи траги и во самиот развој на општеството и државата.

На 29 март 2019 година за претседател на СЗПМ избрана е Станка Трајкова. Првпат во 73–годишното постоење на Сојузот претседател е жена. За претседател на Собранието е избран м–р Илија Адамоски, за потпретседател на ИО на СЗПМ Ментор Ќоку и за секретар на Сојузот Менка Темелковска.

Сојузот издава свој весник „Пензионер плус“ еднаш месечно и има своја веб–страница. Исто така, излегува и прилог „Пензионерски видици“ во весникот „Нова Македонија“ и една страна за пензионери „КОХА“ во весникот на албански јазик. СЗПМ секоја година организира 8 регионални и Републичка ревија на песни, музика и игри. Овие манифестации од Министерството за култура се прогласени за манифестации од национален интерес на државата. Најдобрите здруженија го претставуваат Сојузот и Република Македонија на Меѓународниот фестивал на трета животна доба кој се одржува во Љубљана, Словенија.

Покрај овие масовни активности во својата програма СЗПМ има и многу хуманитарни проекти од интерес на пензионерите, како што се: волонтерство, социјална карта, инклузија, изградба на старски домови и друго.

Сојузот секоја година организира 8 регионални спортски пензионерски натпревари од кои најдобрите учествуваат на завршната спортска пензионерска олимпијада. Покрај тоа, се организираат и голем број дружења на кои присуствуваат над 6 000 пензионери, а на одредено посакувано ниво е и меѓународната соработка. Во 2016 СЗПМ одбележа 70 години од пензионерското организирање во Македонија. По тој повод СЗПМ беше одликувано од претседателот на РМ д–р Ѓорге Иванов со „Повелба на Република Македонија“ со што им направи чест и почит на 260 000 пензионери, членови на Сојузот. Во 2017 година СЗПМ издаде монографија по повод седумдесетгодишниот јубилеј „Пензионерски активности за почит“ на македонски и албански јазик. СЗПМ го одбележува 20 септември како Ден на пензионерите на Македонија.

# Учествуваа 25 здруженија, а можеа и повеќе, бидејќи сите беа добри

На 7 јуни 2019 година во Домот на АРМ во Скопје се одржа 9. републичка ревија на песни, музика и игри. Во преполната сала имаше пензионери дојдени од цела Македонија. Некои со нетрпение го чекаа настапот на пензионерите од своето здружение, а оние кои немаа претставници дојдоа да уживаат и да видат за наредната година подобро да се подготват за и тие да учествуваат. Имаше и кои не дојдоа навредени затоа што не учествуваат. Но некои не учествуваа затоа



што не беа поквалитетни или добро извежбани, но некои иако беа добри не влегоа во програмата затоа што ако се зголемеше бројот манифестацијата ќе траеше многу подолго отколку што можат да поднесат нашите години. Оние подналутените заборавиле дека најубавата одлика на СЗПМ е солидарноста и соживотот. Така било, а по тој пат треба да продолжиме како пример на генерациите кои доаѓаат.

Првиот силен аплауз му беше упатен на премиерот Зоран Заев и на високите гости. На Ревијата за првпат покровител беше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, а настапија 25 здруженија од 53-те членки за Сојузот со околу 550 членови и тоа:

ЗП ОВР со „Преспанско оро“,

ЗП Чаир со две изведби – албанска група со песната „Пуној ѓјашт дите (Работам шест дена)“ и македонската песна „На срце ми лежи мамо“,

ЗП Македонска Каменица настапи со орото „Копачка“,

ЗП Лозово со обичајот „Додоле“,

ЗП Центар со песната „Како што е ова чаша полна со вино“ која ја исполни пејачка група,

ЗП Крушево со влашката песна „Крушево ностра“,

ЗП Радовиш и Конче го прикажаа несекојдневниот обичај „Замерување на млеко“ со оро,

ЗП Кичево настапи со пејачка група која ја исполни песната „Коња водам Анѓе, Анѓелино“,

ЗП Прилеп со КУД „Пензионер“ со „Песната за Гемиџиите“,

ЗП Струга со песната „Абре моме, малко моме“,

ЗП Кочани прикажа свадбарски обичај „Пречек на девери“,

ЗП Кавадарци настапи со фолклорната група „Лоза“, која на сцената го изигра орото „Каламатија“,

ЗП Свети Николе имаше убав настап со песната „Што ме мамиш, Јано“ во исполнување на солист кој го придружуваше пејачка група,

ЗП Битола настапи со песната „Што си налутено либе“,

ЗП Охрид и Дебрца со „Женско пуштено оро“ кое го играа пензионерки облечени во препознатлива охридска градска облека,

ЗП Виница прикажа интересен ѓурѓовденски обичај со сплет „Невено мори Невено“ и мешано оро,

ЗП Тетово имаше како и секоја година два настапа: албанската група со песната во „Овој свет“ (Këtë botë) и македонската група со песната „Кажи, Епсо Димушева“,

ЗП Валандово настапи со песната „Што да правам што да чинам“,

ЗП Крива Паланка го изведоа орото „Паланечка тројка“,

ЗП Гази Баба настапи со песната „Железар да бидам“,

ЗП Богданци настапи со Веселата тајфа и песната „Мома Катерина“,



ЗП Ѓорче Петров ја испеа песната „Јас ќе ти купам свилено фустанче“,

ЗП Демир Хисар како и секогаш зачудувачки лесно го изигра орото „Беранче“,



ЗП Воени пензионери се претстави со орото и со песната „Твојте очи Лено мори“ со што го означи крајот на Ревијата.

На убаво украсената сцена сите се трудеа да се прикажат во најубаво светло. Песните ги отвораа душите, ората ги бришеа годините.

Дружењето, со песни и ора продолжи во комплексот „New Star“ каде што на пензионерите им се обрати министерката за труд и социјална политика Мила Царовска и рече:

– Почитувани пензионери,

Задоволство ми е што се наоѓам меѓу вас и присуствувам на дружењето на вашата 9. републичка ревија на песни, музика и игри, Ви посакувам уште многу вакви активности и дружења.

По нејзиното обраќање на сите 25 здруженија – учесници на 9. републичка ревија им беа доделени благодарници за учество на Ревијата. Благодарниците ги доделија претседателката на СЗПМ Станка Трајкова, претседателот на Собранието на СЗПМ, м–р Илија Адамоски, и потпретседателот на ИО на СЗПМ, Ментор Ќоку.

**К. С. А.**

ЗДРУЖЕНИЕ
НА ПЕНЗИОНЕРИ
**ОВР НА РМ**

Фолклорна група со
„Преспанско оро“



ЗДРУЖЕНИЕ
НА ПЕНЗИОНЕРИ
**ЧАИР**

Македонска песна
„На срце ми лежи, мамо“




ЗДРУЖЕНИЕ
НА ПЕНЗИОНЕРИ
**ЧАИР**

Албанска песна
„Пуној ѓјашт дите
(Работам шест дена)“






ЗДРУЖЕНИЕ
НА ПЕНЗИОНЕРИ
## МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА

Фолклорна група со орото „Копачка“



ЗДРУЖЕНИЕ
НА ПЕНЗИОНЕРИ
## ЛОЗОВО

Фолклорна група со обичајот „Додоле“



ЗДРУЖЕНИЕ
НА ПЕНЗИОНЕРИ
## ЦЕНТАР

Пејачка група со песната „Како што е ова чаша полна со вино“



ЗДРУЖЕНИЕ
НА ПЕНЗИОНЕРИ
**КРУШЕВО**

Влашка песна
„Крушево нострa“



ЗДРУЖЕНИЕ
НА ПЕНЗИОНЕРИ
**РАДОВИШ
И КОНЧЕ**

Интересен обичај
„Замерување на млеко“
со оро



ЗДРУЖЕНИЕ
НА ПЕНЗИОНЕРИ
**КИЧЕВО**

Пејачка група со песната
„Коња водам, Анѓе,
Анѓелино“

ЗДРУЖЕНИЕ
НА ПЕНЗИОНЕРИ
## ПРИЛЕП

КУД „Пензионер“
„Песната за Гемиџиите“



ЗДРУЖЕНИЕ
НА ПЕНЗИОНЕРИ
## СТРУГА

Пејачка група со песната
„Абре моме, малко моме“



ЗДРУЖЕНИЕ
НА ПЕНЗИОНЕРИ
## КОЧАНИ

Свадбарски обичај
„Пречек на девери“






ЗДРУЖЕНИЕ
НА ПЕНЗИОНЕРИ
## КАВАДАРЦИ

КУД „Лоза“ со орото „Каламатија“



ЗДРУЖЕНИЕ
НА ПЕНЗИОНЕРИ
## СВЕТИ НИКОЛЕ

Солист со пејачка група со песната „Што ме мамиш, Јано“



ЗДРУЖЕНИЕ
НА ПЕНЗИОНЕРИ
## БИТОЛА

Пејачка група со песната „Што си налутено, либе“

ЗДРУЖЕНИЕ
НА ПЕНЗИОНЕРИ
## ОХРИД И ДЕБРЦА

Женска фолклорна група
со орото „Пуштено“





ЗДРУЖЕНИЕ
НА ПЕНЗИОНЕРИ
## ВИНИЦА

Ѓурѓовденски обичај со сплет „Невено, мори, Невено“ и мешано оро

ЗДРУЖЕНИЕ
НА ПЕНЗИОНЕРИ
## ТЕТОВО

Македонска група
со песната
„Кажи, Епсо Димушева“



ЗДРУЖЕНИЕ
НА ПЕНЗИОНЕРИ
## ТЕТОВО

Албанска група
со песната
„Овој свет“
(Këtë botë")





ЗДРУЖЕНИЕ
НА ПЕНЗИОНЕРИ
## ВАЛАНДОВО

Пејачка група со песната
„Што да правам
што да чинам“

ЗДРУЖЕНИЕ
НА ПЕНЗИОНЕРИ
## КРИВА ПАЛАНКА

Фолклорна група со орото
„Паланечка тројка“





ЗДРУЖЕНИЕ
НА ПЕНЗИОНЕРИ
## ГАЗИ БАБА

Пејачка група со песната „Железар да бидам“



ЗДРУЖЕНИЕ
НА ПЕНЗИОНЕРИ
## БОГДАНЦИ

Група Веселата тајфа и песната „Мома Катерина“



ЗДРУЖЕНИЕ
НА ПЕНЗИОНЕРИ
##ЃОРЧЕ ПЕТРОВ

Пејачка група со песната „Јас ќе ти купам свилено фустанче“

ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ
## ДЕМИР ХИСАР

Фолклорна група со орото „Беранче“



ЗДРУЖЕНИЕ НА
## ВОЕНИ ПЕНЗИОНЕРИ

Фолклорна група со орото и со песната „Твојте очи Лено мори“





### XVII регионална ревија на песни, музика и игри

## I регион

# Домаќин ЗП Виница



Отпочнувањето на пензионерското организирање и дружење на пензионерите од Општина Виница е во 1946 година со донесување на Законот за пензионерите во рамките на создадената организација во Општина Кочани. ЗП Виница како самостојно здружение формирано е на 27.05.1967 година со број на членови на пензионери околу 70.

Во изминатиот период, Здружението во своето дејствување, посебен акцент посветува на обезбедување подобри услови за животот и стандардот на пензионерите. Со изградбата на Пензионерскиот дом во 1975–76 година создадени се подобри услови за пензионерските активности и за нивна релаксација. Во Здружението членуваат пензионери корисници на старосна, семејна и инвалидска пензија. Посебно за одбележување е воведувањето на Солидарниот фонд за пензионерите, преку кои се дава потребната помош на оние со ниски примања, на изнемоштените и болните. Во 2017 година Здружението го одбележа 70–годишниот јубилејот со дружење на над 2 500 пензионери. Здружението секоја година организира средба од републички карактер по повод „Томина недела“ на која присуствуваат 700–800 пензионери, како и средба кај манастирот Св. Спас во село Драгобраште (13 септември) на која присуствуваат над 2 000 учесници дојдени од повеќе здруженија од Кочани, Штип, Македонска Каменица, Радовиш, Конче, Делчево, Пехчево, Берово и Виница. Средбата ја организира ЗП Виница со помош на Општина Виница и Црковниот одбор на Манастирот „Вознесение Христово“ во село Драгобраште. Средбата кај манастирот „Вознесение Христово“ кај Драгобраште – Виничко завршува со народно оро, песна и веселба. ЗП Виница зема активно учество на Спортските натпревари на пензионерите и на ревиите на песни, музика и игри на регионално и републичко ниво каде бележи добри резултати. Денес здружението брои околу 2 700 пензионери а претседател е Петруш Данилов.

# Песни и ора во градот на теракотните икони

На 17 мај 2019 година околу стотина фолклористи од истокот, во седмата и осмата деценија од животот, а некои и повозрасни, верни на своите корени и традицијата, дури уште посилни и посигурни во себе, со уште покреативен дух го промовираа својот фолклор и обичаите испреплетени со песни и ора. Богатите народни носии како импресивен декор на сцената квалитетно ги криеја годините и староста и не дозволуваа возраста да ја надвладее играта. По 17–ти пат, пензионерите од истокот се докажуваа и натпреваруваа на сцената во Виница, кој поумешно и поавтентично ќе ги прикаже фолклорните обележја на своето родно место. Секое здружение го презентираше фолклорот од својот крај, а селекторот Томче Стојков и претседателката на Комисијата за културно–забавен живот на СЗПМ Магдалена Спировска го следеа настапот на учесниците од ЗП Виница, ЗП Македонска Каменица, ЗП Делчево, ЗП Пехчево, ЗП Кочани и ЗП Берово. Тие одлучуваат кое од овие пензионерски здруженија ќе го претставуваат овој регион на Републичката ревија на песни, музика и игри на 7 јуни 2019 година во Скопје. На 17–та регионална ревија свое обраќање имаа претседателот на виничкото здружение Петруш Данаилов, градоначалникот Ивица Димитров кој им вети соработка и поддршка во нивните активности во граница на можностите на Општината, како и претставникот на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, потпретседателот на Извршниот одбор Ментор Ќоку. Тој зборуваше за значењето на активностите за посодржаен и поисполнет живот на луѓето од третата животна доба, како и за промовирање на градо–


Петруш Данаилов


Ивица Димитров


Ментор Ќоку





вите од кои доаѓаат здруженијата. Прогласувајќи ја Ревијата за отворена на присутните им посака добро здравје и што почести заеднички дружења.

По обраќањата први на публиката се претставија пензионерите од ЗП Виница, како домаќини на Ревијата. Потоа се презентираа ора, песни и обичаи. По завршување на Ревијата на песни, музика и игри од првиот регион на здруженијата учесници им беа доделени благодарници кои ќе ги потсетуваат на ова убаво и незаборавно музичко дружење.

## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **БЕРОВО - с. Русиново**

**Пејачка група со песните:**
Месечино мила сестро
Отишло малој моме на белата чешма



## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **БЕРОВО**

**Хор и оркестар со песните:**
Што лелее, што белее
Ајде кажи, кажи Мариче
Огин гори во планина





ЗДРУЖЕНИЕ
НА ПЕНЗИОНЕРИ
## ДЕЛЧЕВО

**Пејачка група со песните:**
Пиле пее вчеста гора
Од сан Ѓера украдена
Настап со кемане



ЗДРУЖЕНИЕ
НА ПЕНЗИОНЕРИ
## МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА

**Женско трио:**
Нешо пиле
**Мешани ора**
Сасанско, Ситно и Копачка
**Соло Душко Богатинов:**
Кога си Ленче болно лежало
**Машко оро:**
Бато Геро



ЗДРУЖЕНИЕ
НА ПЕНЗИОНЕРИ
## ПЕХЧЕВО

**Хор**
**- пејачка група со песните:**
Дејгиди луди млади години
Лилјано моме убаво
Ај што мерак имам, бабо
Зурли трештат

## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **ВИНИЦА**

**Обичај:**
Ѓурѓевденски собир
**Песни:**
Ѓурѓево лето
Невено, мори Невено
**Ора:**
На три пати,
Малешевско
Плетеница



## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **КОЧАНИ**

**Ансанбал на староградски песни:**
Ајде, сину, ожени се
Милувам моме белото грло
**Фолклорен ансамбал со сплет на ора:**
Осоговско машко оро и
Потрчуљка
**Свадбарски обичај:**
Пречек на девери





**Благодарници на здруженијата учесници**

## XVII регионална ревија на песни, музика и игри
## II регион
# Домаќин ЗП ТЕТОВО



Здружението на пензионери Тетово е конституирано и функционира според одредбите од Законот за здруженија и фондации на Република Македонија, Статутот на СЗПМ и сопствениот Статут. Опфаќа подрачје на шест општини од Долни Полог – Тетово, Боговиње, Брвеница, Желино, Јегуновце и Теарце, со околу 13 000 членови – пензионери. Членството е со етнички мешан состав: Македонци и Албанци како најбројни, а потоа и Турци, Роми, Срби и други националности.

Највисок орган на Здружението е Собранието кое го сочинуваат 47 членови непосредно избрани во органите на Здружението. При изборот на членовите, се води сметка за територијалната застапеност како и соодветна национална и полова структура. Изборот на членовите на органите непосредно се врши во 21 огранок, колку што постојат на подрачјето на кое дејствува Здружението. Претседател на Собранието е Стојан Соколовски, додека на Извршниот одбор Селвер Мемети.

Здружението располага со сопствен дом на пензионери, изграден во 1971 година. Приземјето на Домот е во деловни простории – канцеларии и сали, во кој функционира и Клуб на пензионери. На кат има 11 простории за сместување пензионери и една сала за состаноци. Официјално, првиот Статут на Здружението е донесен на 12 јуни 1992 година, по осамостојувањето на Република Македонија. На 11.12.1998 година Здружението носи нов Статут усогласен со Законот. Во сите години на постоење и активност, Здружението на пензионери претставува активен чинител во заштита на правата и интересите на пензионерите на подрачјето на кое дејствува. Организира екскурзии во земјата и странство, прошетки до културно–историски региони, одржува забави и друг вид средби, се грижи за подобрување на состојбите на пензионерите. Во 2013 година учествува на 13. фестивал „Трето доба" што се одржа во Љубљана – Словенија. Постојано учествува на регионалните и републичките спортски натпревари на пензионерите. Од 18–те што до сега се одржани ЗП Тетово на регионалните натпревари секогаш го освојуваше првото место, додека на републичките натпревари како апсолутни победници беа 9 пати. Ова здружение го освои и преодниот пехар во трајна сопственост за најуспешно на три напоредни спортски натпревари. Секоја година Здружението доделува еднократна парична помош, кои годишно се движат на околу 600 000 денари, а корисници се над 200 пензионери. Здружението прави напори за подобра соработка со локалните самоуправи на шесте општини, со кои се потпишани самоуправни спогодби.

# Ревија со мултиетнички предзнак

На 19 април 2019 година на сцената на големата сала во Центарот за култура во Тетово, во организација на СЗПМ, се одржа 17. регионална ревија на песни, музика и игри на која беше презентирано големо културно наследство од областа на фолклорот, музиката, староградските ора, изворните народни песни, старите носии и други обележја на луѓето што живеат на овие простори. Свои интересни настапи имаа здруженијата на пензионери од вториот регион и тоа: Бутел, Ѓорче Петров, Карпош, Тафталиџе ДДД и Шуто Оризари, сите од Скопје и здружението од Тетово кое беше домаќин на ревијата.



Стојан Соколовски



Селвер Мемети



Станка Трајкова

Најнапред на македонски и на албански јазик на учесниците и на гостите им се обратија Стојан Соколовски претседател на Собранието на ЗП Тетово и Селвер Мемети претседател на ЗП Тетово. Тие го поздравија раководството на СЗПМ на чело со претседателката на СЗПМ Станка Трајкова, потпретседателот на ИО на СЗПМ Ментор Ќоку, како и раководствата и учесниците на здруженијата од вториот регион.

Потоа на присутните им се обрати претседателката на СЗПМ Станка Трајкова, која меѓу другото го истакна значењето на Регионалните ревии со 17–годишна традиција, чие одржување претставува значаен придонес на пензионерите како непосредни учесници во зачувувањето на изворниот фолклор, староградските песни и обичаи и хорски изведби. Ваквите манифестации како традиција треба да опстанат во рамките на здруженијата на пензионерите и Сојузот како организатор. Заокружувајќи го своето излагање за значењето на ревиите таа ја прогласи за отворена. Обраќањето на претседателката на СЗПМ Трајкова, како да беше потстрек за учесниците да го покажат најдоброто. Учесниците од ЗП Ѓорче Петров настапија со песни и ора од скопскиот регион и соло–настап на Ветка Николоска. ЗП Карпош настапи со машки квартет кој ја исполни песната „Огреала месечина“ и хор кој исполни три песни. ЗП Тафталиџе ДДД настапи со две песни и игроорна група со две ора: „Пајдушко“ и „Елено моме“. ЗП Шуто Оризари, како незаобиколна атракција свој белег на настапот даде со изведбите од богатиот ромски репертоар на свадбарски обичаи и чочек. Традиционално последен настапи домаќинот ЗП Тетово со две пејачки групи кои се претставија со македонски и албански песни и обичаи карактеристични за тетовскиот крај.

Благодарниците на претставниците – учесници на ревијата им ги врачи потпретседателот на ИО на СЗПМ Ментор Ќоку. Дружењето продолжи со песни и ора во ресторанот „Арена“ во Тетово.

## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **БУТЕЛ**

**Пејачка група со песните:**
Ајде моме Стојне
Јас ти реков добро вечер,
ти ми рече дојди вечер
Ајде брала ми мома бело ми
грозје ем црвено

**Солистички настап на Гоце Касаповски со песната:**
Бела Рада





## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **ШУТО ОРИЗАРИ**

**Свадбарски обичаи**
**Чочек**

## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**

**Песни:**
Зурли трештат насред село
Јас ќе ти купам свилено
фустанче
**Соло-песна на Ветка Николовска**
со придружба на кавал
**Игроорна група:**
сплет на ора
од Скопскиот регион



ЗДРУЖЕНИЕ
НА ПЕНЗИОНЕРИ
**ТЕТОВО**

**Македонска пејачка група со песните:**
Лазаре, Лазаре
Кажи, Епсо Димушева
Огреала месечина





ЗДРУЖЕНИЕ
НА ПЕНЗИОНЕРИ
**ТЕТОВО**

**Албанска пејачка група со песните:**
Ti rrije ate ane
Laje laje si rosa
Cesht ma e bukur ne kete bote
Oku po shkon oj rushja lales

ЗДРУЖЕНИЕ
НА ПЕНЗИОНЕРИ
**КАРПОШ**

**Машки квартет со песната:**
Огреала месечина

**Хор со песните:**
Еј мори Лено
Ако одам во Битола
Розо моја



ЗДРУЖЕНИЕ
НА ПЕНЗИОНЕРИ
## ТАФТАЛИЏЕ ДДД

**Пејачка група со песните:**
Јас те пратив на вода Калино
Таму долу Битола

**Игроорна група со ората:**
Пајдушко
Елено моме





**Благодарници на здруженијата учесници**

### XVII регионална ревија на песни, музика и игри

### III регион

# Домаќин

# ЗДРУЖЕНИЕ НА ВОЕНИ ПЕНЗИОНЕРИ



Здружението на воените пензионери на РМ (ЗВП на РМ) е формирано на 10 декември 1992 година. Во својство на правно лице е регистрирано на 23.3.1993 година, а поради усогласувања со новите закони и измените во Статутот, вршена е пререгистрација во 1999, 2008, 2011 и 2016 година. Од формирањето до 2010 година, Здружението дејствува на целата држава, а од 2011 година само на територијата на Скопје, во почетокот со 7 ограноци и околу 1600 членови, а сега со 3 ограноци и околу 1300 членови. Претседатели на ИО биле: генералот во пензија Димитрије Савевски и полковниците во пензија Трајче Постоловски, Јордан Јорданов, Драган Бозаревски и Ѓорѓи Заринскиски (актуелен). ЗВП е членка на СЗПМ од 1998 година и членка на СЗП на град Скопје од 2013 година, каде остварува забележителни резултати. Од март 2012 година е збратимено со ЗП Куманово, а има успешна соработка со повеќе здруженија во градот и Републиката. Во целокупното функционирање на Здружението, централно место зазема грижата за пензионерот, односно обезбедување услови за здраво и достоинствено пензионерско живеење. ЗВП низ разни форми се грижи за зачувување на стекнатите права од ПИО и за подобрување на социјалната положба, здравствената заштита, за информирањето на членството и друго. Организира хуманитарни и солидарни акции од секаков вид и спортско–рекреативни активности. Забележителни успеси постигнува во повеќе области, а особено во учеството на Регионалните и Републичката ревија на песни музика и игри во последните 3–4 години. Исто така успешно организира екскурзии, излети, пикници, посети и присуство на други манифестации од рекреативен карактер во градот и Републиката.

На 10 декември 2007 и 2012 година на достоинствен начин е одбележана 15 и 20–годишнината од формирањето на ЗВП, по кој повод е издадена и Монографија на Здружението. ЗВП мошне успешно ги извршуваше задачите дадени од страна на ИО на СЗПМ во улога на домаќин на Регионалните и Републичките ревии на песни, музика и игри и на други јубилејни свечености и манифестации од поширок интерес и значење кои се одржуваат во Домот на АРМ. Опстанувањето на Здружението и постигнатите успеси се резултат на умешното раководење, големата упорност и снаодливост на ентузијастите во ЗВП, како и на разбирањето и помошта од СЗПМ и органите на МО и ГШ на АРМ.

# Ревија која долго ќе се памети

И оваа 2019 година се покажа дека годините кај пензионерите од трета доба не претставуваат граница за да ги истакнат своите уметнички способности и активно да земат учество во годинашнава 17 регионална ревија на песни, музика и игри на здруженијата на пензионери за 3 регион. На оваа пензионерска фолклорна манифестација одржана на 10 мај, во Домот на АРМ учествуваа пензионери од здруженијата Гази Баба, Илинден, Кисела Вода и ОВР, а домаќин беше Здружението на воени пензионери.


Ѓорѓи Зарински


Ментор Ќоку

Учеството и начинот на кој пензионерите, преку песна и игра ја сочувуваат, негуваат и пренесуваат од нашите дедовци и прадедовци традицијата на фолклорното опстојување и им даваат пример на младите генерации како се сака културното наследство.

Како домаќин на фолклорната манифестација, прв присутните ги поздрави претседателот на Здружението на воените пензионери **Ѓорѓи Зарински**. Тој им посака добредојде на гостите и искажа голема благодарност за нивното присуство. Посебен поздрав и благодарност упати до претседателката на СЗПМ и на Извршниот одбор Станка Трајкова, потпреседателот на ИО на СЗПМ Ментор Ќоку, како и до останатите гости.

Во името на СЗПМ присутните ги поздрави потпретседателот на ИО на СЗПМ **Ментор Ќоку** и ја прогласи ревијата за отворена.

По отворањето на фолклорната манифестација, учесниците според распоредот за настап ги презентираа игрите, песните и со својата изведба и голема умешност успеаја да ги разнежнат срцата и душите на присутните гости кои со голем аплауз ги наградуваа. На сцената беа презентирани подзаборавени песни, игри и обичаи од тој регион. Изведувачите на народни песни и ора беа облечени во убави народни носии. По завршувањето на програмата се пристапи кон доделување благодарници за учеството на 17. регионална фолклорна ревија на песни, музика и игри од третиот регион.


СЗПМ
СОЈУЗОТ НА ЗДРУЖЕНИЈАТА
НА ПЕНЗИОНЕРИТЕ НА МАКЕДОНИЈА
ДОДЕЛУВА
БЛАГОДАРНИЦА
НА
ЗДРУЖЕНИЕ НА
ВОЕНИ ПЕНЗИОНЕРИ
ЗА УЧЕСТВО НА
17
РЕГИОНАЛНА РЕВИЈА
НА ПЕСНИ, МУЗИКА
И ИГРИ
18. 04. 2019 година
Прилеп
СТАНКА ТРАЈКОВА
претседател на СЗПМ

Со ова уште еднаш како и претходните години се докажа колку пензионерите придонесуваат да се афирмира и сочува нашето културно богатство и идентитетот на нашата земја и на сите кои живеат на овие простори по што сме познати во многу земји во светот.

Со еден збор може да се каже дека беше задоволство да се слушаат и гледаат како пеат и играат иако повеќето од нив се во 8 деценија од животот. И за гостите и за изведувачите ова заедничко дружење долго ќе се памети како содржина и на убавиот мајски ден.




## ЗДРУЖЕНИЕ НА **ВОЕНИ ПЕНЗИОНЕРИ**

**Пејачка група со песните:**
Моме оди на вода
Ожени ме, мамо
Домаќине, добри гости
ти дојдоа
Твојте очи, Лено мори

**Игроорна група со ората:**
Деветорка, Чупурлика
Самјотис




## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **КИСЕЛА ВОДА**

**Фолклорна група со сплет од македонски песни и ора:**
Од жетва до свадба

**Пејачка група со песната:**
Свадба македонска



## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **ИЛИНДЕН**

**Пејачка група со песните:**
Калеш Анѓа
Каранфило моме
На срце ми лежи
Не стој Доне Донке

ЗДРУЖЕНИЕ
НА ПЕНЗИОНЕРИ
## ОВР НА РМ

**Фолклорна група со:**
Сплет на ора
од Долна Преспа




ЗДРУЖЕНИЕ
НА ПЕНЗИОНЕРИ
## ГАЗИ БАБА

**Фолклорна група**
**со песните:**
Го пратиле дедо
Жечезар да бидам
Што имала к'смет Стамена
Оро се вие крај манастирот

**Оро:**
Паланачка тројка




**Благодарници**
**на здруженијата**
**учесници**



## XVII регионална ревија на песни, музика и игри

## IV регион

# Домаќин ЗП Центар



Здружението на пензионери Центар во Скопје е едно од најстарите здруженија во Сојузот на пензионери на Македонија и најстаро здружение на подрачјето на град Скопје. Формирано е на 22 јануари 1954 година. На Основачкото собрание донесен е Правилник за работа, а првиот Статут донесен е во 1956 година. Здружението 20 години, до 1974 година, го носело името Општинско здружение на пензионери и трудови инвалиди во кое имало три ограноци: Идадија, Кисела Вода и Кале.

По судското регистрирање во 1999 на конститутивната седница за претседател бил избран д–р Владо Стаменков. Од 2002 година претседател на Извршниот одбор е Павле Спасев.

Во 2009 година по повод 55 години од постоењето Здружението одржало свечена седница на која биле доделени благодарници на истакнати поединци и институции. Денес во Здружението функционираат 9 ограноци и тоа: Мирче Ацев, Гоце Делчев, Дане Крапчев, Роберт Гајдиќ, Мито Хаџивасилев–Јасмин, Невена Георгиева–Дуња, Миле Арсовски, Раде Јовчевски–Корчагин и пензионирани просветни работници.

Здружението соработува со повеќе здруженија и институции, а особено има добра соработка со локалната самоуправа и Црвениот крст. Во Здружението функционира солидарен фонд. Пензионерите од ЗП Центар учествуваат на разни екскурзии и манифестации, а особено се активни на културен и спортски план. Учествуваат на ревиите на песни, музика и игри, како и на спортските натпревари. Повеќе пати е домаќин на традиционалниот шаховски турнир по повот 13 Ноември, денот на ослободување на Скопје.

По повод 60 години од постоењето Здружнието издаде и Монографија. Здружението за своите активности има добиено повеќе благодарници и признанија.

Претседател на ЗП Центар е Павле Спасев, а во него членуваат над 10 000 пензионери.

# Празник на народниот мелос

На тринаесетти мај во Домот на АРМ во Скопје се одржа 17–та ревија на песни, музика и игри од четвртиот регион. Домаќин беше ЗП Центар, а со своето присуство го зголемија значењето на манифестацијата претседателката на СЗПМ Станка Трајкова, потпретседателот на ИО Ментор Ќоку, градоначалникот на Општина Центар Саша Богдановиќ, како и претседателите на здруженијата – учесници.


Павле Спасев


Саша Богдановиќ


Станка Трајкова

Претседателот на Здружението – домаќин Павле Спасев ги поздрави присутните и потсети дека ЗП Центар е најстарото здружение во Републиката. Формирано е во 1954 година и годинава го одбележува 65–годишниот јубилеј.

– 65 години работиме на унапредување на активностите во интерес на потребите, на заштита на правата на пензионерите, нивниот стандард, здравје, култура и рекреација.

Претседателот Спасев го изрази задоволството и ја сподели радоста, што годинава за првпат се домаќини и организатори на регионалните фолклорни ревии, при што му се заблагодари на Сојузот за довербата и нагласи дека со посебен мотив и енергија Здружението ги направи сите неопходни подготовки Ревијата да биде поуспешна.

Гостите и учесниците на Ревијата ги поздрави и градоначалникот на Општина Центар Саша Богдановиќ. Тој ја нагласи традиционалната соработка меѓу Општината и пензионерите од централното подрачје на Скопје потенцирајќи дека и тој и Советот на Општината имаат слух за потребите на пензионерите и дека таа соработка продолжува и натаму со истото темпо.

Обраќајќи им се на учесниците и гостите, претседателката на СЗПМ Станка Трајкова се осврна на историските почетоци на ревиите и на нивното значење за пензионерите, но и за зачувувањето на нашата култура и богата традиција.

– Ревиите од година на година бележат се поголем квалитет. На нив можеме да слушнеме народни песни од сите краеви на земјава, изворни народни песни, познати ора исполнети од пензионерите од сите 53 здруженија во Републикава.

Овие ревии се вистински празник на народниот мелос, на пензионерските другарувања преку песните, музиката и игрите. Верувам дека и денеска задоволни ќе заминете од Ревијава, дека сите ќе потпевнуваме и ќе ги поддржуваме учесниците, – рече претседателот Спасев.

Преку 165 пензионери – учесници од шест здруженија, приредија вистински празник на народниот мелос. Сцената ја исполнија со прекрасните бои на народните носии од нивните краеви, а салата со незаборавните рефрени на познатите народни песни испеани на македонски и албански јазик, и со звуците на единствените македонски ора. И на оваа Регионална ревија од четвртиот регион, дојде до израз дарбата на пензионерите, желбата да се претставаат во што подобра светлина. Покрај добрите до–

маќини, ЗП Центар, на сцената во Домот на АРМ ги видовме и пензионерите од здруженијата: Чаир, Куманово, Солидарност – Аеродром, Крива Паланка и Кратово. Тие не потсетија на повеќе обичаи, песни и познати ора од нашиве простори. Не потсетија колку се важни пријателствата и другарувањата, колку е важен соживотот меѓу луѓето од различни градови и етнички заедници во земјава. Секој настап потврди дека пензионерите во секое здружение имаат доволно сили да создадат квалитетен културно–забавен приказ, посебно на народниот и изворниот фолклор од своето подрачје. Може со сигурност да се констатира дека и меѓу пензионерите има вокално–инструментални групи, културно–уметнички друштва кои достојно можат да не претставуваат надвор од земјава и во наредниот период.

Уште едно вистинско уживање и задоволство за секој учесник и присутен во салата. Значаен придонес во негувањето на фолклорот и културните традиции во нашата земја.

## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **СОЛИДАРНОСТ - АЕРОДРОМ**

**Обичај:**
Бричење на зетот
**со женско оро: Потрчано**

**Машко оро:**
Адана
**Мешано оро:**
Тропнало оро





## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **ЦЕНТАР**

**Пејачка група со песните:**
Како што е таа чаша полна со вино
Сношти минав покрај вази
Мила мајко, што ме роди толку сиромав

## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **КРАТОВО**

**Тамбурашки оркестар со песните:**
Верувај ми
Пусти мерак, Ратке
Стариот џумбушлија




## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **КУМАНОВО**

**Песни и ора од Кумановско:**
Јано, Јанинке – женско оро
Мама вика да ме жени
– машко оро – крстачко
**Женско оро:**
Се собрале
**Машки ора:**
**Црпи вода, Јано**
**Рипни ми скокни**






## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **КРИВА ПАЛАНКА**

**Обичај:**
Венчавка

**Песна:**
Женил се Петре војвода

**Фолклорна група со ората:**
Невестинско и
Паланачка тројка




## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **ЧАИР**

**Пејачка група на македонски со песните:**
Вино пијам ем ракија
На срце ми лежи, мајко




## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **ЧАИР**

**Пејачка група на албански со песните:**
Дојди, дојди цвеќе
(Еја, еја, луле боре)
Работам шест дена
(Пуној гјасхте дите)
Целиот свет го прошетав
(Те гјите ботен е кркова)



**Благодарници на здруженијата учесници**

### XVII регионална ревија на песни, музика и игри
## V регион
# Домаќин ЗП Свети Николе



Во далечната 1960 година, пензионери ентузијасти формирале Здружение на пензионери и тоа е прв облик на организирана активност на највозрасните граѓани во Свети Николе. Прв претседател на Здружението бил Стоимир Павлов. За изградба на Домот на пензионери, во кој се сместени и просториите на Здружението е заслужен претседателот Лазо Мишев. Во Здружението функционираат 8 ограноци, и тоа 3 во градот и 5 во селските населби. ЗП Свети Николе има свои органи и тела и свој Статут кој е усогласен со сите релевантни закони, како и со Статутот на СЗПМ чија членка е. Во состав на Здружението работат два пензионерски клуба, како и Активот на пензионерки. ЗП Свети Николе 2010 година беше успешен домаќин на 8. регионална ревија на песна, музика и игри и на 15–те регионални спортски натпревари. Здружението во 2014 година се покажа како успешен домаќин на 12–тата регионална ревија на песна, музика и игри, и добар организатор на Регионални спортски натпревари. 2015–та година се формира креативно уметничка секција „Овчеполска Зуница“ за ликовна уметност, уметност на правење макраме и слики од природни суви цвеќиња.

Претседател на здружението, на ИО и на Собранието е Никола Атанасов, а здружението брои околу 3000 пензионери. Делегат во СЗПМ е Светолик Николов

# Убавите песни и ора го забавуваат стареењето

Ревиите на песна, музика и игри се културни настани преку кои пензионерите придонесуваат во негувањето на богатата македонска етно традиција, обичаите и изворното творештво. Преку ревиите тие изразуваат почит кон трајните национални вредности на културата и идентитетот на сите кои живеат во нашата земја. На 8 мај 2019 година се одржа 17. регионална ревија на песни, музика и игри во Свети Николе под покровителство на Сојузот, потпомогната и од локалната самоуправа, а домаќин беше ЗП Свети Николе.


Никола Атанасов


Сашко Велковски


Станка Трајкова

Во салата на Домот на културата „Крсте Мисирков“ во убав пролетен ден настапија здруженијата од: Свети Николе, Лозово, Злетово, Радовиш и Конче, Пробиштип, Струмица, Штип и Ново Село.

На гостите и учесниците добредојде им посака претседателот на Здружението **Никола Атанасов**, изразувајќи посебно задоволство што на Ревијата присуствуваат претседателката на СЗПМ Станка Трајкова и градоначалникот на Свети Николе Сашо Велковски. Поздравувајќи ги гостите и претставниците на здруженијата, им се заблагодари на присуството и им посака пријатен престој.

Градоначалникот на Свети Николе **Сашко Велковски** во поздравното обраќање изрази задоволство потенцирајќи ја добрата соработка со пензионерите. Во името на СЗПМ се обрати и претседателката **Станка Трајкова**, нагласувајќи го значењето и придонесот на овие културни манифестации во негувањето на културните традиции и Ревијата ја прогласи за отворена. Манифестацијата ја следеше и селекторот Томче Стојков, како и Љупче Златев музички педагог и Милевка Здравковска новинар и една од иницијаторите на ревиите.

ЗП Свети Николе имаше чест да ја отвори Ревијата со изведба на песните „Марика мома убава“, и уште две други. Следуваше ЗП Лозово, кое во својот репертоар имаше традиционални игри, песни и обичаи од Овчеполието. ЗП Злетово настапи со три изведби, а ЗП Радовиш и Конче, со обичајот „Замерување на млекото“, проследен со песни и ора, придружувани од гајда, тапан, кавал и тамбура. ЗП Пробиштип ги изведе велигденските песни во придружба на оркестар од народни инструменти и ората „Арнаутско“ и „Потрчулка“. ЗП Струмица годинава се претстави со женска и машка пејачка група и исполни неколку песни. ЗП Штип традиционално е посветено на негување градска песна и настапи со „Праша ли, Тинке, мајка ти“ и уште две други. Со изведба на народните песни „Море три години Стамбол го шетав“ и „Ајде сонце зајде“ во изведба на Јоцо Златанов се претстави ЗП Ново Село.

Во рамките на Ревијата беше одржана изложба и дефиле.




ЗДРУЖЕНИЕ
НА ПЕНЗИОНЕРИ
## ШТИП

**Пејачка група
со градски песни:**
Праша ли, Тинке, мајкати
Запеј песна мори моме
Моми одат по вода



ЗДРУЖЕНИЕ
НА ПЕНЗИОНЕРИ
## РАДОВИШ
## И КОНЧЕ

**Традиционален обичај:**
Замерување млеко
проследен со песни и ора и
народни инструменти




ЗДРУЖЕНИЕ
НА ПЕНЗИОНЕРИ
## СТРУМИЦА

**Женска и машка
пејачка група со песната:**
За кого ти цути Дано лицето

**Свадбарски обичај:**
Отвори, мајко, порти
(дочек на невестата во
домот на младоженецот)

## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ
# СВЕТИ НИКОЛЕ

**Пејачка група со песните:**
Марика мома убава
Балада за мојот крај
Што ме мамиш, Јано



## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ
# ПРОБИШТИП

**Велигденски обичај со Велигденски песни**

**Игроорна група:**
Арнаутско
Купила мама чорап
Потрчулка




## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ
# ЛОЗОВО

**Обичај:**
Додоле

**Пејачка група:**
Дотекла вода студена
Седнав да вечерам

**Игроорна група:**
Овчеполска плетенка и овчеполско свадбарско






ЗДРУЖЕНИЕ
НА ПЕНЗИОНЕРИ
**ЗЛЕТОВО**

**Пејачка група со песните:**
Што вревела за гора зелена
Свадба, свадба
Ангелина двори мете



ЗДРУЖЕНИЕ
НА ПЕНЗИОНЕРИ
**НОВО СЕЛО**

**Пејачка група со песните:**
Море три години
Стамбол шетав

**Во изведба на**
**Јоце Златанов**
Ајде сонце зајде




**Благодарници**
**на здруженијата**
**учесници**

## XVII регионална ревија на песни, музика и игри
## VI регион
# Домаќин ЗП Валандово



Здружението работи согласно Уставот, Статутот на Здружението и Статутот на СЗПМ. Здружението ги унапредува културните, спортските и хуманитарните активности на пензионерите и учествува во организираните спортски натпревари на ниво на регион и на ниво на сојуз, како и на манифестациите на песна, музика и игри. Здружението соработува и со други здруженија и невладини организации во Општината и пошироко.

ЗП Валандово, е формирано со Одлука под името Сојуз на пензионери Валандово на 04.3.1984 година.

Со статус на правно лице се здобива со запишување во Централниот регистер при Окружниот стопански суд Скопје со решение рег. Бр. 726/87 од 12.11.1987 година, согласно со Законот за здруженија и фондации. ЗП Валандово е членка на СЗПМ.

Во времето на формирањето Здружението броело 763 члена. Во 1997 година бројот на пензионерите изнесува 1 250 члена. Во 2002 година тој број е 1 381, за во 2015 година да се зголеми на 1 774 корисници на пензија, членови на Здружението. Денес тој број изнесува околу 2 000 пензионери. Како претседатели на Здружението во изминатиот период се јавуваат лицата; Динка Лазов, Ѓорѓе Сапунџиев, Александар Стојчев, Манчо Ширтовски, Ванчо Маркудов, Леонид Манчев и сегашниот седми по ред претседател Кирил Гошев.

Согласно со Статутот на здружението, Собранието брои 17 членови, додека Извршниот одбор е составен од 9 членови. Надзорниот одбор е составен од три членови. Здружението има 4 ограноци според географската поставеност на населените места. Здружението располага и е сопственик на Пензионерскиот дом во кој е сместен, Пензионерски клуб, како и 4 станови во кои живеат пензионери.

# Се пееше и играше во градот на песната

Во фестивалската сала „Јанко Узунов“ во Валандово на 15.5.2019 година, во организација на СЗПМ се одржа 17–та регионална ревија на песни, музика и игри – 2019 година.

На Ревијата учествуваа 7 здруженија, а на истата беше презентирано големото културно наследство преку староградската песна, старите изворни песни, ора и обичаи од просторите на општините од каде што доаѓаа здруженијата.


Кирил Гошев


Перо Костадинов


Станка Трајкова

Учесниците на Ревијата од домаќинот Валандово беа пречекани во КЦ „25. мај“, со традиционалниот „колак“ и шеќер.

Музичката група на ЗП Валандово ги поздрави присутните со песната „Што да правам, што да чинам“, а со поздравни говори се обратија: претседателот на ЗП Валандово Кирил Гошев и градоначалникот Перо Костадинов. Им се обрати и претседателката на СЗПМ Станка Трајкова, која поздравувајќи ги присутните изрази големо задоволство што овој ден е во Валандово го истакна значењето на овие Регионални ревии, кои се одржуваат по 17–ти пат.

– Пензионерите се верни чувари на нашето културно богатство. Тие ги чуваат песните, игрите и обичаите од заборав и им ги пренесуваат на генерациите кои доаѓаат. Сите треба да настојуваме ваквите манифестации да продолжат и во иднина, како традиција која треба да опстане во рамките на здруженијата на пензионерите. Посакувајќи им успех на сите учесници на Ревијата, таа ја прогласи за отворена.

На Ревијата домаќините ЗП Валандово, се претставија со песната „Сношти дојдов од Стамбола“ и уште две песни испеани од „Распеани валандовчани“. Гостите од Кавадарци, се претставија со „Мома оди на вода“, „Нели ти реков“, и песната „Со векови“, проследена со игроорна група, а ЗП Неготино, со „Мамо кој чука на порти“, и уште две песни. ЗП Гевгелија, се претстави со песните „Трба, трба, гевгелиска“, „Русе ле моме убава“ и „Ах, Злато, златна Злато“. „Весела тајфа“ од ЗП Богданци исполни три песни со прекрасен сценски настап. ЗП Велес се претстави со 3 песни проследени со одлична игра на игроорната група при Здружението. На самиот крај ЗП Демир Капија ги исполнија песните „Мало моме цвеќе брало“, „Давај ме, мила мамо“ и „Ленче болно лежи“. Сите учесници беа наградени со аплауз од околу 500 – 600 присутни членови на Здружението и останатите гости.

Завршувањето на Ревијата го означи членот на ККЗЖ при СЗПМ Петар Захарчев врачувајќи им благодарници на учесниците со заедничка фотографија.

ЗДРУЖЕНИЕ
НА ПЕНЗИОНЕРИ
## ГЕВГЕЛИЈА

**Пејачка група со песните:**
Трба, трба Гевгелија
Русе ле моме убава
Ах, мори Злато, златна Злато





ЗДРУЖЕНИЕ
НА ПЕНЗИОНЕРИ
## ВЕЛЕС

**Пејачка група со песните:**
Сношти Кате
Мојата серенада
Гори и поља (песна и игра)

ЗДРУЖЕНИЕ
НА ПЕНЗИОНЕРИ
## НЕГОТИНО

**Пејачка група со песните:**
Мамо, кој чука на порти
На срце ми лежи, мила мамо
Не се фаќај Доне, Донке



ЗДРУЖЕНИЕ
НА ПЕНЗИОНЕРИ
## БОГДАНЦИ

**Група Весела тајфа со песните:**
Душо моја
Дали знаеш, бре Недо
Мома Катерина





ЗДРУЖЕНИЕ
НА ПЕНЗИОНЕРИ
## КАВАДАРЦИ

**Пејачка група со песните:**
Мома оди на вода
Нели ти реков
Со векови (песна со оро)

ЗДРУЖЕНИЕ
НА ПЕНЗИОНЕРИ
## КАВАДАРЦИ

**Ора:**
Рамно
Каламатија



## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **ВАЛАНДОВО**

**Пејачка група со песните:**
Сношти дојдов
Болен ми лежи млад Стојан
Слушам кај шумат шумите





## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **ДЕМИР КАПИЈА**

**Пејачка група со песните:**
Мало моме, цвеќе брало
Давај ме, мила мамо
Ленче болно лежи

**Благодарници на здруженијата учесници**



### XVII регионална ревија на песни, музика и игри

### VII регион

# Домаќин ЗП ПРИЛЕП



Здружението на пензионери Прилеп брои повеќе од 14 000 старосни и семејни пензионери, и е едно од поголемите здруженија во Македонија.

Во Здружението членуваат пензионери од три општини: Општина Прилеп, Општина Кривогаштани и Општина Долнени. Пред десетина години Здружението имало само 2 клуба, а сега има 10 клубови во 19 ограноци. Во сите активности пензионерот е во фокусот на дејствувањето. ЗП Прилеп е едно од најактивните здруженија во Сојузот. Секоја година тоа доделува над милион денари на членови со ниски примања.

Во здружението активно функционираат две културно–уметнички друштва и тоа: „Пенка Котевска“ и „Пензионер“ со кои тоа секоја година учествува на регионалните и републички ревии на песни, музика и игри, како и на други манифестации по разни поводи во градот и пошироко. Во 2014 успешно го претставуваше СЗПМ на Меѓународниот фестивал за трето животно доба во Љубљана, Република Словенија.

ЗП Прилеп има одлична соработува со локалната самоуправа. Од Општината Прилеп 7 пензионери и ЗП Прилеп имаат добиено награда по повод 40 години од ослободувањето на Прилеп. Во градот веќе четврта година по ред се потпишува договор со Градоначалникот за проектот „Супер Марио“ за помош на стари лица во домашни услови, во кој се ангажирани 20 волонтери.

ЗП Прилеп е сила и на спортски план. Редовно учествува на сите спортски натпревари на сите нивои и постигнува одлични резултати.

Здружението посебно се истакнува со издвојување на сретства за хуманитарни цели и помош на своето членство. Здружението има своја потстраница на страницата на СЗПМ.

Претседател на ЗП Прилеп е Славко Трајкоски. Од ова Здужение е и претседателот на Собранието на СЗПМ м–р Илија Адамоски.

# Песната и музиката ја подмладуваат душата

На 18 април 2019 година Здружението на пензионери од Прилеп беше домаќин на 17–тата по ред регионална ревија на песни, музика и игри – ПРИЛЕП 2019. На првата овогодишна регионална музичка средба учествуваа повеќе од двесте учесници и здруженијата на пензионери од Прилеп, Битола, Крушево и Демир Хисар. На средбата присуствуваа: претседателката на СЗПМ, Станка Трајкова, претседателот на Собранието на СЗПМ, м–р Илија Адамоски, градоначалникот на Прилеп, Илија Јованоски, претседателите на здруженијата учесници и други гости.


Славко Трајкоски


д-р Илија Јованоски


Станка Трајкова

Во преполната сала на Домот на културата „Марко Цепенков“ присутните учесници и гости ги поздрави претседателот на ЗП Прилеп, Славко Трајкоски. Тој на сите учесници им заблагодари за учеството и им посака уште многу вакви и слични пензионерски весели, музички и други средби, зашто како што рече со овие и вакивите музички средби со музика и песна поубаво се старее.

Присутните ги поздрави и оваа прва регионална музичка ревија за отворена ја прогласи претседателката на СЗПМ, Станка Трајкова, која укажа дека ваквите средби на луѓето од третото доба се мошне интересни и значајни за зачувување на народното музичкото творештво од што идните генерации ќе можат да црпат инспирации за нови мелодиски музички творби за да ја продолжат иднината на македонскиот народен и староградски мелос, обичаи, фолклор и игри.

– Особена чест и задоволство ми е што присуствувам на оваа убава средба. Одовде, од денес започнува по 17–ти пат пролетното пензионерско музичко дружење кое ќе трае до 15 мај. Во сите 8 региони во Македонија ќе се одржат регионални ревии на песни, музика и игри, во Скопје на 7 јуни ќе се одржи Републичката ревија на која ќе настапат најдобрите, – истакна Трајкова која во своето обраќање се задржа и на значењето на овие средби, а кажа и одредени историски и културни акценти за градот домаќин, Прилеп. Свое обраќање и поздрав имаше и градоначалникот на Прилеп д–р Илија Јованоски, којшто на учесниците и на сите присутни во салата им посака добро здравје и натамошни вакви средби и рече:

– Вие пензионерите имате сенс за рамноправност и тоа го покажавте со изборот за ваш претседател да биде Станка Трајкова. Ние како локална самоуправа имаме добра соработка со ЗП Прилеп и ги поддржуваме сите негови активности, а особено овие каде се дружите во добро расположение.

Потоа писна гајдата, засвири кавалот, удри тапанот, се разлеа музика низ салата, на лицата на присутните се појави насмевка, се разлеа песната, орото и обичајот – дарување на свекрвата во исполнување на домаќините, КУД „Пенка Котеска“ со песната „Прстен ми падна Нешо“, кои беа наградени со громогласен аплауз. Потоа ги исполнија народните песни „Мори моме, малој моме“ и „Станка Поречанка“.

Втори повторно настапија домаќините со КУД „Пензионер“ и песни со староградски мелос: „Ој ти Пацо Дреновчанке“, „Песна за гемиџиите“ и „Вино пијам ем ракија“. КУД „Сирма војвода“ од ЗП Битола имаше три исполненија и тоа: „Дали думаш либе, дали паметуваш“, „Ајде легнала е Лилјана“, и „Што си налутено либе“. ЗП Крушево настапи со: македонската песна „Ој ти пиле Славеј пиле“, влашката песна „Крушева ностра“ и „Крушевско оро“ (журчанка). Претставниците од ЗП Демир Хисар се претставија најпрво со „Македонска селска гајда“ (машко оро) потоа со женското оро „Невестинско“ и повторно со машкото оро „Демир Хисарско беранче“. Тие, иако возрасни – пензионери на присутните им покажаа дека за оро не се важни годините.

На претставниците од сите здруженија учесници на 17–та регионална ревија на песни, музика и игри претседателката на Комисијата за култура, при СЗПМ, Магдалена Спировска им додели благодарници за учество. Годинашната средба на пензионерите во Прилеп беше крунисана со заедничка веселба на сите учесници и

## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **КРУШЕВО**

**Пејачка група со песните:**
Oј ти Лиле славеј пиле
Крушева ностра
(влашка песна)

**Оро:**
Журчанка




## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **БИТОЛА**

**КУД „Сирма војвода“:**
Дали думаш либе,
дали паметуваш
Ајде легнала е Лилјана
Што си налутено либе




## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **ПРИЛЕП**

**КУД „Пензионер“:**
Oј ти Пацо Дреновчанке
Песна за гемиџиите
Вино пијам, ем ракија





ЗДРУЖЕНИЕ
НА ПЕНЗИОНЕРИ
## ПРИЛЕП

**КУД „Пенка Котеска“:**
Прстен ми падна Нешо
(оро, песна и обичај)
Мори моме, малој моме
Станка Поречанка




ЗДРУЖЕНИЕ
НА ПЕНЗИОНЕРИ
## ДЕМИР ХИСАР

**Машки ора:**
Македонска селска гајда
Демирхисарско Беранче

**Женско оро:**
Невестинско



**Благодарници
на здруженијата
учесници**

### XVII регионална ревија на песни, музика и игри
### VIII регион
# Домаќин ЗП Вевчани



Согласно со Законот за Здруженија на граѓани и фондации на Република Македонија од 1998 година, Статутот на СЗПМ и сопствениот Статут. Формирано е на 29 ноември 2012 година. Претходно, пензионерите од Вевчани членуваа во рамките на ЗП Струга. Иницијатори за формирањето на ОЗП Вевчани се Витомир Костојчиноски, Јован Аврамоски, Сандре Русески и неколку други. ЗП Вевчани е едно од ретките здруженија во Републикава во кое заеднички дејствуваат сите категории на пензионери.

На основачкото Собрание одржано на 29 ноември 2012 година, а овој датум се смета и за Ден на формирање на здружението, донесен е Статут на здружението, Програма за работа, и акт за основање на Собранието, кое го сочинуваат 15 членови, Извршен одбор од 7 членови, а Надзорениот одбор, Статутарно–правната комисија, Комисијата за социјална и здравствена заштита, Комисијата за спорт, култура и рекреација и Актив на пензионерки, бројат по три членови. Идејата за раздружување на пензионерите на Вевчани од струшкото здружение, е резултат на фактот што здружението на Вевчани може самостојно да опстанува и да биде поефикасно во својата активност, потпомогнато од локалната самоуправа и другите јавни претпријатија кои дејствуваат во рамките на Општината Вевчани. Според Актот за основање на Општинското здружение на пензионерите на Вевчани, со седиште во Вевчани, здружението е основано поради остварување на заедничките интереси на пензионерите на Вевчани.

Начинот на остарување на целите, организацијата, органите на застапувањето на Здружението, начинот на финансирање и се друго што е во функција на остварување на целите е регулирано со Статутот на Здужението, односно постојната законска регулатива.

Денес Здружението брои околу 450 пензионери, а претседател е Витомир Костојчиноски.

# Ден посветен на музиката, песната и ората

Во Домот на културата во Вевчани на 20 мај 2019 година, се одржа 17–та регионална пензионерска ревија на песни, музика и игри од осмиот регион, кој ги опфаќа ЗП: Охрид и Дебрца, Струга, Кичево, Гостивар,


Витомир Костојчиноски


Илија Адамоски

Македонски Брод, Вевчани, Дебар и Центар Жупа и Лабуништа, која ја организира СЗПМ. Оваа година ЗП Вевчани за првпат е домаќин на ваква значајна манифестација, а во рамките на истата во Клубот на пензионерите се постави изложба на вевчански ракотворби од вевчанската везилка на народни носии Љубица Лешоска, а беше планирано и дефиле на учесниците низ градот кое се одложи поради лошото време. Во тој термин градоначалникот на Општина Вевчани Сашо Јанкоски, во својот кабинет прими делегација од СЗПМ, предводена од претседателката Станка Трајкова и претседателот на Собранието м–р Илија Адамоски, и претседателите на здруженијата од осмиот регион. По средбата кај градоначалникот започна 17–та регионална пензионерска ревија на песни, музика и игри од 8 регион во Домот на културата во Вевчани. На Ревијата присуствуваа: претседателката на СЗПМ Станка Трајкова, претседателот на Собранието м–р Илија Адамоски, претседателката на Комисијата за културно–забавен живот на СЗПМ Магдалена Спировска и селекторот Томче Стојков. Прв присутните ги поздрави претседателот на ЗП Вевчани Витомир Костојчиноски, кој истакна дека музиката е посредник помеѓу тагата и среќата.

– Каде што зборовите не вредат, музиката допира и остава трага.Таа го изразува она што не може да се искаже со зборови, а кое не смее да биде премолчено. Музиката е уметност од која ни navираат солзи и спомени. Нека овој ден и биде посветен токму на музиката, на песна и на ората, – рече меѓу другото Костојчиноски.

На присутните им се обрати и претседателот на Собранието на СЗПМ м–р Илија Адамоски:

– Оваа манифестација, која е плод на заложбите на највозрасната, но и најмудрата генерација за негување на нашата богата традиција, е резултат на силната желба, посветеност и длабока почит на пензионерите кон трајните вредности на културата како наше национално и културно обележје. Токму затоа, Министерството за култура ги прогласи 8–те регионални и Републичката ревија на песни, музика и игри за манифестации од национален интерес за култура – истакна претседателот Адамоски, прогласувајќи ја Ревијата за отворена.

Годинава на оваа регионална ревија настапија над 180 учесници од регионот. Домаќините се претставија со КУД „Дримкол“ од Вевчани, со изворни народни песни и обичаи, струшките пензионери со „Езерски бран“ кој исполни три песни. Трети настапија ЗП Кичево со песни во придружба на гајда, потоа ЗП Гостивар кој се претстави со пет изведба од кои 3 на македонски и 2 на албански јазик и со Езгија со кавал. ЗП Охрид и Дебрца се претставија со песни и две ора, машко и женско пуштено оро, а ЗП Македонски Брод, изведе четири убави македонски песни.

На крајот претседателката на ККЗЖ на СЗПМ Магдалена Спировска во име на организаторот на здруженијата на учесниците им врачи благодарници на прекрасно уредената сцена.

Музичкиот дел на Ревијата заврши со рецитал „Глас од Македонија“ подготвен од претседателот на ЗП Вевчани Витомир Костојчиноски, во придружба на пејачкото трио „Каданка“ при КУД „Дримкол“ од Вевчани.



## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ
# МАКЕДОНСКИ БРОД

**Соло-изведби на:**
**Миноски стојан:**
Еј ти, моме малој моме
**Сантоски Абдула:**
Прстен ти дадов
**Женско трио: С. Новеска, Д. Максимоска, С. Сарафиноска**
Јас сум чисто Македонче
Болен лежи млад Стојан



## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ
# КИЧЕВО

**Пејачка група со песните:**
Oј месечино новино
– дует со придружба на гајда
Коња водам Анѓо Анѓелино
Цвеќе цутеше мамо

**Машко оро со песна:**
Низ корија босо моме шета



## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ
# ГОСТИВАР

**Соло изведби на:**
**Јелена Јаќимоска:**
Вечерај, Кате вечерај
**Новица Јаковлески:**
Свирете ми чалгии
**Измит Салиху:**
Во Лесковик дува ветер
**Али Имери:**
Излегло момче на планина
**Езгија кавали:**
**Сала Чабани и Шефкет Исмани**

ЗДРУЖЕНИЕ
НА ПЕНЗИОНЕРИ
## СТРУГА



**Мешовита пејачка група со песните:**
А бре моме, мајко моме
Ми излегла Евда низ чаршија
Дигни си Маро марче очите

ЗДРУЖЕНИЕ
НА ПЕНЗИОНЕРИ
## ОХРИД И ДЕБРЦА



**КУД „Далги“ со песните:**
Три години Кате
Деспина

**КУД „Далги“**
Машко оро
Женско оро – Пуштено

ЗДРУЖЕНИЕ
НА ПЕНЗИОНЕРИ
## ВЕВЧАНИ



**КУД „Дримкол“ со песната:**
**Ајде ќерко во Вевчани**



Благодарници на здруженијата учесници



Претседателите на здруженијата учесници на Ревијата кај градоначалникот на Вевчани



Изложба на вевчански ракотворби од вевчанската везилка на народни носии

18. fЗŽO
FESTIVAL ZA tretje ŽIVLJENJSKO OBDOBJE

### 18. фестивал „Трета животна доба“ во Љубљана

# Македонија достојно претставена од пензионерите

Меѓународниот фестивал „Трета животна доба“ во Љубљана – Словенија, кој се одржува по повод први октомври – Меѓународен ден на старите лица, е проект на СЗПМ и ЕУ. Оваа година делегацијата на СЗПМ беше предводена од Димитрија Богатиноски, член на ИО и претседател на ЗП Солидарност – Аеродром од Скопје, Ѓорѓи Трпчески, претседател на ЗП Охрид и Дебрца, Илија Глигоров, член на Комисијата за меѓународна соработка на СЗПМ и Ристо Трајкоски, член на ИО на СЗПМ. Двете збратимени здруженија ЗП Охрид и Дебрца и ЗП Солидарност – Аеродрм од Скопје на овој фестивал го претставуваа СЗПМ преку фолклорните ансамбли.

Фестивалот започна со свечена академија во големата сала на Цанкаревиот дом на која присуствуваа делегации на сојузите на здруженијата на пензионерите на Македонија, Хрватска, Италија, Србија, Австрија, на домаќинот Словенија, како и претставници на други асоцијации на пензионерски и невладини организации од Европската заедница.

На отворањето на свечената академија пригодно обраќање имаше премиерот на Словенија Марјан Шарец и претседателот на Сојузот на пензионерите на Словенија (ЗДУС) Јанез Сушник, кои зборуваа за досегашните постигнувања во грижата на Словенија за лицата од третата доба, за нивниот стандард, здравствената заштита, здравиот живот, инклузијата, меѓународната соработка и потребата за подобар живот на најстарите бидејќи придонесот на пензионерите е од огромно значење во минатото, денес и во иднина. Во поздравниот говор претседателот на пензионерите на Словенија г. Сушник, упати срдечни поздрави до претседателот Драги Аргировски, до СЗПМ и пензионерите на пријателска Македонија, не само како на пријатели туку и за повеќегодишната соработка, која ја оцени како многу успешна и плодна. На свеченоста за долгогодишната и успешната активност во пензионерското организирање на Словенија им беа



врачени признанија, и тоа: за најактивно здружение на ЗП Ајдовштина, за особен придонес во меѓународната соработка, а признание доби и поранешната амбасадорка на Словенија во Македонија Јожица Пухар, како и Вања Копач – Мрач, поранешна министерка за социјални прашања, семејство и еднакви можности на Словенија.

Нашата делегација имаше посебна средба со Јожица Пухар, претседател на Комисијата за меѓународна соработка на ЗДУС и член на Европската живеење кај нас и во опкружувањето. Претседателката Јожица Пухар која беше и модератор на средбата, на претставниците на сојузите на пензионерите учесници на фестивалот, им пренесе повеќе искуства, како се организирани и какви права имаат пензионерите во европските држави, кон кои треба и ние да се стремиме и да ги применуваме тие искуства.

Претседателот на ЗДУС Јанез Сушник, упати благодарност за учеството на делегациите на пен-



пензионерска организација на која присуствуваа претставници на присутните сојузи на фестивалот. На средбата Богатиноски најпрво ги пренесе поздравите од претседателот на СЗПМ Драги Аргировски и накусо го претстави СЗПМ, а потоа зборуваше и за ЗП Солидарност – Аеродром. Тој упати пофални зборови за одличната организација на фестивалот и неговото значење и неговите цели и задачи кои се однесуваат на луѓето од третата животна доба. Членот на делегацијата, претседателот на ЗП Охрид и Дебрца Ѓорѓи Трпчески, со особено задоволство се заблагодари за учеството на оваа манифестација која е од големо значење не само за охридското здружение, туку и за афирмација на Охрид и Македонија. Трпчески го претстави ЗП Охрид и Дебрца, како едно од поуспешните здруженија во рамките на СЗПМ.

На средбата се расправаше по седум тематски области поврзани со актуелното пензионерско

зионерите на оваа меѓународна манифестација. Меѓу другото тој рече дека сè уште не можеме да се ослободиме од некои поранешни стеги на дејствување, но мораме да се приспособуваме на европските нормативни правила, а ја спомна и неминовноста за соработка со државните институции, но надвор од политичките кампуси. На средбата беше донесен заклучок да се прошири соработката меѓу сојузите на пензионерите, но не само со соседите туку да се анимираат и да се вклучат и сојузите на пензионерите од поранешните ју–републики, бидејќи колку сме помасовни толку подобро и поефикасно ќе ги решаваме нашите проблеми и побрзо ќе се приспособиме на европските нормативи на пензионерите. Домаќините презедоа обврска ваков барање да се упати до сите сојузи на пензионерите на поранешните ју–републики. На крајот од заедничката тематска средба на делегациите од спомнатите држави учеснички на фестивалот,

# XVIII ФЕСТИВАЛ ЗА ТРЕТА ЖИВОТНА ДОБА ВО ЉУБЉАНА - Р. СЛОВЕНИЈА

претставниците на СЗПМ Димитрија Богатиноски и Ѓорѓи Трпчески на претседателот на ЗДУС на Словенија Јанез Сушник му врачија уметнички фотографии со мотиви од Охрид и Скопје, а на другите делегации пригодни подароци и вино од охридското и скопското поднебје.

Во рамките на фестивалот „Трета животна доба", три дена се одржуваше и Саем на производи, медицински препарати, лекарства, ортопедски помагала, а имаше и советувања, едукации, мерење на крвен притисок и шеќер во крвта, мерење на степенот на остеопороза, штандови со старински ракотворби изработени во дамнешни времиња и уште многу други прехранбени производи за здрава исхрана, пропаганден материјал за турстички патувања, и што уште не, а сето тоа беше поврзано со лицата од третата доба, поместено на 60 штандови.

На фестивалот настапија 120 музички групи и ансамбли со 3.000 музичари и фолклористи, речиси од целиот свет. СЗПМ на фестивалот „Трета животна доба", во Љубљана се претстави во музичкиот дел на фестивалската програма со КУД „Солидарност – Аеродром" од Скопје и КУД „Далги" при ЗП Охрид и Дебрца и тоа со три многу успешни заеднички настапи. Еден настап беше во големата сала на Цанкаревиот дом и по два концерта на отворена сцена во рамките на саемот. КУД „Солидарност – Аеродром", со 20 игроорци и музичари под раководство на Киро Бошкоски се престави со дел од ритуалот на македонска свадба, сплет песни и ора од Повардарјето и сплет на ороводни песни и игри. КУД „Далги", при ЗП Охрид и Дебрца, под раководство на кореографот и уметничкиот раководител Ристо Трајкоски, исто така имаше три настапи со постановките „На Сараиште" и „Билјана платно белеше". На овие настапи нашите фолклористи од Охрид и Солидарност – Аеродром беа топло примени од илјадната публика, проследени со овации и извикувања Охрид, Охрид, Македонија. Тука имаше публика и од наши сограѓани кои живеат и работат во Словенија. Настапот и на двата ансамбла беше проследен и со видеобим. Скопјаните прикажуваа фотографии од настапи на нивното КУД и здружението, а пак при настапот на охриѓаните се прикажуваше краткометражен филм од најубавите природни, културни и историски знаменитости на Охрид.

Во знак на учеството и одличниот настап на нашите фолклористи на овој меѓународен фестивал на кој за првпат учествуваа овие две здруженија, од претседателот на ЗДУС Јанез Сушник, им беа врачени специјални признанија.

По престојот во Љубљана, при заминување за Македонија беше направена кусо панорамско разгледување на Љубљана, Блед, Постоинска Јама, приморските градови Опатија и Риека и Карловац. Патувањето и настапот на фестивалот, кај фолклористите и делегацијата од двете здруженија, ќе остане во долго убаво и пријатно сеќавање кое ретко се доживува. За здравствената состојба која мина во најдобар ред беа задолжени д–р Димитар Спасески и д–р Илија Глигоров. Секако при патувањето и посетата на позначајните туристички и други знаменитости не изостана и заедничкото фотографирање.





# Дел од излагањето на седницата на ИО на СЗПМ, на Димитрија Богатиноски - водач на делегацијата на 18. ФЗЖО

По интензивни подготовки за Љубљана тргнавме во 19 часот на 29.9. 2018 година и со попатни задржувања стигнавме според програмата во Блед на 30.9. 2018 година околу 14 часот. По разгледувањето на Блед, настап на отворено имаа нашите две здруженија. Потоа се сместивме во хотелот Бит центер во кој имавме 2 ноќевања со појадок како гости на фестивалот, и според категоријата на хотелот сме мошне задоволни.



На 1.10.2018 година учествуваме на свеченото отворање на фестивалот на кој се обратија: претседателот на Владата на Република Словенија г. Марјан Шарец, и претседателот на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Словенија г. Јанез Сушник, кои ги поздравија присутните во свечената сала на Цанкаревиот дом.

По свеченото отворање на фестивалот нашите здруженија имаа настап на отворено од 17,45 до 16,10 по 8 минути, согласно со програмата. Прво настапи ЗП Охрид и Дебрца со друштвото „Далги“, под раководство на уметничкиот раководител Ристо Трајкоски, а потоа свој настап имаше ЗП Солидарност – Аеродром – Скопје под раководство на уметничкиот раководител Киро Бошкоски. И двата настапи беа топло поздравени од многубројната публика во Цанкаревиот дом во Љубљана.

Во 14 часот се одржа заеднички ручек на нашата делегација со претседателот на Сојузот на пензионерите на Р Словенија г. Јанез Сушник на кој присуствуваа и поранешните амбасадори во Р. Македонија г–ѓа Јожица Пухар и г. Марјан Шифтар, кои се членови на раководството и претседатели на комисиите во Сојузот.

По свечениот ручек се одржа и заедничка седница на нашата и делегацијата на Р. Словенија, предводена од претседателот Јанез Сушник. На свечената седница прв се обрати водачот на делегацијата од Република Македонија Димитрија Богатиноски, кој се заблагодари за поканата за учество на фестивалот и пренесе поздрави од СЗПМ, како и посебен поздрав од претседателот Драги Аргировски. Потоа се обрати претседателот на ЗП Охрид и Дебрца Ѓорѓи Трпчевски. И двете здруженија им подарија скромни подароци на домаќините. Се обрати и претседателот Јанез Сушник кој се заблагодари на нашите поздрави и подари слика за СЗПМ. Посебно што треба да се одбележи е незадоволството на Словенија што на овој фестивал освен нашите здруженија не учествуваше ниедна република од поранешните ју–простори и други држави. Заради тоа тој предложи одржување состанок со сите сојузи.

Покрај оваа средба остварени се контакти и со претседателот на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Љубљана г. Марјан Седнек за воспоставување соработка со нашиот СЗП на град Скопје.

На 1.10.2018 год. во свечената сала во Цанкарјевиот дом се одржа главната фолклорна ревија на која настапија нашите здруженија по 15 минути. Прво настапи ЗП Охрид и Дебрца со групата „Далги“ кои ја испеаја охридската песна „Билјана платно белеше“ и одиграа две ора: „Машко оро за рамо“ и „Лакочерејско оро“. Потоа настапија од ЗП Солидарност – Аеродром од Скопје со „Повардарско оро“ и „Осоговско оро“, како последни на ревијата. По завршувањето на настапот на ЗП Солидарност – Аеродром, на сцената дојде и

## XVIII ФЕСТИВАЛ ЗА ТРЕТА ЖИВОТНА ДОБА ВО ЉУБЉАНА - Р. СЛОВЕНИЈА

ЗП Охрид и Дебрца и сите заеднички ја продолжија програмата со оро и песна. На сцеата дојде и г. Јанез Сушник и се фотографираше со нас, а од преполната сала добивме голем аплауз. По настапите во Цанкаревиот дом и двете здруженија добија признанија за учество на фолклорните групи на 18. фестивал на трета животна доба.

На 2.10.2018 го имавме последниот настап на двете здруженија на отворена сцена во Цанкаревиот дом од 9,50 – 10,20 по 15 минути. По завршувањето на настапот двете здруженија ја продолжија заедничката прослава заедно со публиката. Македонските фолклористи на сите настани беа облечени во национална облека и придружувани со квалитетни состави на музичари. И двете здруженија имаа подготвено ЦД–ром со обележја на своите здруженија кои беа прикажувани на видеобим за време на настапите. По завршувањето на настапот на 2.10.2018 година по кратко разгледување на Љубљана се упативме во Постојна каде што ги разгледавме предворјата на Постоинска Јама. За жал немавме услови за заеднички настап на отворено, како во Блед.

По краткото задржување се упативме во Опатија и по разгледување на знаменитостите покрај морето се упативме кон Риека, Карловац, Загреб и Белград. Во Скопје стигнавме на 3.10. 2018 год. околу 10 часот. Им се заблагодаривме на учесниците за успешните настапи и по кратко поздравување нашите побратими си заминаа за Охрид. Иако настапувавме како две здруженија се чувствувавме како едно збратимено здружение во кое владееше другарство и почитување. Посебна благодарност изразуваме на нашиот член на Комисијата за меѓународна соработка Илија Глигоров, кој ги водеше подготовките за нашиот настап, реализацијата на настапите, комуникацијата со Управата на Цанкаревиот дом на Љубљана и Сојузот на здруженијата на пензионерите на Словенија.

Изразуваме голема благодарам за предлогот на Организациониот одбор за нашето учество, благодарност на Извршниот одбор на СЗПМ за донесената одлука овие здруженија да учествуваат на оваа престижна манифестација.

Се надеваме според аплаузите дека ја оправдавме довербата на СЗПМ со нашето учество на 18. фестивал на трета животна доба во Љубљана.



**Сојузот на здруженијата на пензионери на Македонија на 19-иот меѓународен фестивал на трето животно доба во Љубљана, Република Словенија, оваа година ќе го претставуваат ЗП Гази Баба и ЗП Виница**

СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ПЕНЗИОНЕРИ НА МАКЕДОНИЈА

СЗПМ

ЈУНИ 2019

Информативен билтен СЗПМ Специјално издание